ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-2300/3
27-02-2026 20__
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), член 48-к од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22) и член 1 од Одлуката за утврдување на потреба за распишување на Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.2/26), Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
за избор на членови на Иницијативен одбор
за конституирање Собрание на млади на Град Скопје

**1. Предмет на јавниот повик**

1.1.Предмет на јавниот повик е избор на членови за формирање Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје, кои ќе бидат дел од иницијативата за создавање Локален младински совет на Град Скопје.

1.2.Иницијативниот одбор ќе биде составен од 3 члена.

1.3.Иницијативниот одбор ги има следниве задачи:

- да се распише Јавен повик за конститутивно Собрание на млади на Град Скопје во согласност со Статутот на Град Скопје;
- да соработува со Град Скопје во организирање, креирање и конституирање на Собрание на млади на Град Скопје;

1.4.Иницијативниот одбор се формира заради конституирање на Собрание на млади на Град Скопје, а се распушта по одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади на Град Скопје.

**2. Право на учество на јавниот повик**

Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на град Скопје на возраст од 15 до 29 години кои членуваат во младински организации, организации за млади, политички подмладоци, како и ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

**3. Услови за учество на јавниот повик**

3.1.Услови за апликанти – правни субјекти кои номинираат свој претставник:

-да се младински здруженија, организации за млади, подмладоци на политички партии, средношколски или студентски заедници, спортски друштва, културно – уметнички друштва и други формални или неформални здруженија на млади;
- да се регистрирани и/или да делуваат на подрачјето на град Скопје;
- да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво.
- номинираните кандидати да бидат жители на град Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари);
- да бидат на возраст од 15 до 29 години;
- да бидат креативни и способни за индивидуална и тимска работа.

**4. Потребна документација**

4.1.За апликанти – правни субјекти кои номинираат свој претставник:

-пополнета Пријава за номинација на кандидат за член (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- пополнета Изјава за согласност за обработка на лични податоци на номинираниот претставник за член (изјавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- пополнета Изјава за прифаќање на номинација за избор на член (изјавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- портфолио;

- годишна програма за работа;
- извештај за активностите со млади во изминатата календарска година;
- тековна состојба за регистрирана дејност, не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- кратко мотивациско писмо и кратка биографија (CV) од претставникот.

**5. Начин на спроведување на јавниот повик**

5.1.За спроведување на постапката по јавниот повик, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на Јавен повик за избор на членови за формирање Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје (Во понатамошниот текст: Комисијата).

5.2.Пријавите кои се ненавремени, некомплетни или рачно пополнети и не ги исполнуваат условите, Комисијата ќе ги отфрли со Заклучок и писмено ќе ги извести апликантите.

5.3.За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите, Комисијата дава предлог до Градоначалникот на Град Скопје за избор на членови во Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје.

5.4.По предлог на Комисијата Градоначалникот на Град Скопје донесува Решение за формирање Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје.

**5. Рок и начин на доставување на пријавите**

5.1.Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

5.2.Јавниот повик ќе трае 5 денови, сметано од денот на објавувањето.

5.3.Потребната документација, апликантите треба да ја достават во затворен коверт преку Архивата на Град Скопје, секој работен ден или на адреса бул. Илинден бр.82 – 1000 Скопје, со назнака до Комисија за спроведување на Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје.

5.4.Ковертот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот.

5.5.Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот – правниот субјект.

5.6.Дополнителни информации може да се добијат на телефон 02/3297-238 и 3297-320.

**ГРАД СКОПЈЕ**